РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.07-289
Скопје 24.07.2014г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), а согласно член 134 став 4 и член 223, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.07-289 од 21.07.2014 година, на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3868/6 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 23.07.2014 година, донесе

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

## З А К Л У Ч О К
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност

**СЕ ЗАПИРА** покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „ЕНЕРГУ РАДИО" ДООЕЛ увоз-извоз, Струга, бр.07-349 од 02.12.2011 година, од причина што на наведениот радиодифузер веќе му е одземена дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-349 од 02.12.2011 година, со Одлука на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.07-280 од 14.07.2014 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), радиодифузерите се должни податоците за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/ уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да му ја достават на надлежното регулаторно тело во рок 15 дена од денот на објавување.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на објавување на потребните податоци од страна на Трговското радиодифузно друштво „ЕНЕРГУ РАДИО" ДООЕЛ увоз-извоз, Струга, Советот

на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 08.07.2014 година, врз основа на Заклучокот, бр.02-3592/14 од 08.07.2014 година, го усвои Предлогот на в.д.Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.289 од 07.07.2014 година, поради прекршување на член 13 ставови 3 и 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а во врска со член 23 став 1 алинеја 3, член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, и 101/14 година), со оглед на фактот дека издавачот на медиумот и во дополнително утврдениот рок од 45 (четириесет и пет) дена не ги извршил обврските предвидени во член 13 став 3 и 6 од Законот за медиуми и покрена постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на радиодифузерот му беше испратено Известување, Уп1 бр.07-289 од 09.07.2014 година, со кое беше известен дека доколку веднаш не го усогласи своето работење и не ги објави потребните податоци согласно член 13 став 3 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Меѓутоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 14.07.2014 година, согласно Заклучокот, бр.02-3705/2 од 14.07.2014 година, донесе Одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, на Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, Уп1 бр.07-280 од 14.07.2014 година, поради прекршување на член 13 ставови 1 и 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14 година).

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), согласно член 134 став 4 и 223, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.07-289 од 21.07.2014 година, на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3868/6 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 23.07.2014 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, за прекршување на член 13 ставови 3 и 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14 година), од причина што на наведениот радиодифузер веќе му е одземена дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-349 од 02.12.2011 година, со Одлука на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.07-280 од 14.07.2014 година, поради прекршување на член 13 ставови 1 и 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14 година).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Согласно член 225 став 1 од Законот за општата управна постапка, против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга;
- Афердите Кадриу, одговорно лице во правното лице, Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга,
- Секретаријатот на Агенцијата – архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;